ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 40 став 1 алинеја 5 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на ден 15.4.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за употреба и распоредување на нераспределената добивка на ТТК Банка АД Скопје за 2021 година**

**Член 1**

Нераспределената добивка на ТТК Банка АД Скопје по Годишната сметка за 2021 година во износ од 44.604.306 денари, се распределува на:

| | | |
|---|---|---|
| 1. Дел за резерви | ден. | 2.841.458 |
| 2. Дивиденда за обични акции во бруто-износ | ден. | 41.762.848 |

**Член 2**

Дивидендата за 2021 година ќе се исплатува во готово (трансакциски сметки на акционерите).

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето

**Собрание на ТТК Банка АД Скопје**

**Претседавач**

_________________________

# О б р а з л о ж е н и е

**кон Предлог - одлуката за употреба и распоредување на нераспределената добивка на ТТК Банка АД Скопје за 2021 година**

Како резултат од работењето во 2021 година ТТК Банка АД Скопје оствари добивка пред оданочување во износ од 51.029.197 денари. По одбивањето данок на добивка во износ од 6.424.891 денари, останува добивка по оданочување во износ од 44.604.306 денари. Се предлага износот на нераспределената добивка од 44.604.306 денари да се распредели дел за резерви и дел за исплата на дивиденда во бруто-износ на обични акции.

1. Во согласност со член 485 од Законот за трговски друштва Банката е должна да издвои минимум 5 % од добивката за општ резервен фонд сѐ додека резервите не достигнат износ што е еднаков на една десеттина од основната главнина. Со оваа одлука се предлага Банката да одвои 6,37 % од нето-добивката во износ од 2.841.458 денари и ова е во согласност со стратешките определби на Банката за одржување на вредноста на капиталот и негово зголемување преку политика на издвојување дел од нето-добивката за резерви и претставува понатамошно зголемување на нивото на вкупен капитал заради понатамошен раст на Банката.

2. Во согласност со член 329 од Законот за трговски друштва, имателите на обичните акции имаат право на сразмерен дел во распределбата на добивката. Притоа се предлага вкупниот износ на делот од добивката за имателите на обични акции да изнесува 41.762.848 денари со вклучен персонален данок на доход и данок по задршка каде што е применливо.

Скопје, 28.2.2022 г. **НАДЗОРЕН ОДБОР**